Прво издание



КОД на ЕТИЧКО и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

Октомври 2009

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

КОД

на ЕТИЧКО

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

Алкалоид е посветен на својата компаниска култура и се залага за доверба и почитување на нашите клиенти и соработници, акционери и вработени. Чесното водење на Алкалоид, угледот секаде каде што работиме и нашиот интегритет ни овозможуваат постојан раст и успех во остварувањето на нашата мисија и визија за Компанијата.

Нашата МИСИЈА

ПОСТОЈАНО ТЕЖНЕЕЊЕ КОН ПОЗДРАВ СВЕТ, СУПЕРИОРЕН КВАЛИТЕТ НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ, КАКО И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И УСПЕШНОСТ НА ДЕЛОВНИТЕ ОПЕРАЦИИ.

ИМПЕРАТИВ Е ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ, ДЕЛОВНИТЕ ПАРТНЕРИ, ВРАБОТЕНИТЕ И АКЦИОНЕРИТЕ.

ОСНОВНА ОПРЕДЕЛБА Е ГРИЖАТА ЗА ЗДРАВЈЕТО И КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ НА СЕКОЈ ЧОВЕК, СИСТЕМОТ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

ЗАЛОЖБАТА НА АЛКАЛОИД АД Е КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЧОВЕКОТ ШТО СЕ ГЛЕДА И ВО ПРОМОМОТОТО:

ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СÈ (HEALTH ABOVE ALL).

Нашата ВИЗИЈА

НАШАТА ВИЗИЈА Е ДА СЕ РАЗВИВАМЕ КАКО ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНА ФАРМАЦЕВТСКА КОМПАНИЈА, СО СТАБИЛНА ПАЗАРНА ПОЗИЦИЈА, ОТВОРЕНА КОН НОВИ ПАЗАРИ И НОВИ ПАРТНЕРСТВА, КОЈА ПРОИЗВЕДУВА И ПЛАСИРА ГЕНЕРИЧКИ ЛЕКОВИ СО НАЈВИСОК КВАЛИТЕТ, ПРИМЕНУВАЈЌИ НАЈСОВРЕМЕНИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ ТЕХНОЛОГИИ И ДЕЛОВНИ СТАНДАРДИ.

КОД

на ЕТИЧКО

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ/ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР

Почитувани колеги,

Правилата за однесувањето на работното место претставуваат збир на морални, етички и правни принципи за водење на работата во Алкалоид АД - Скопје и истите ќе послужат како упатство или водич за вработените и на сите оние кои се вклучени и работат во или со Алкалоид.

За мене како Генерален директор на Алкалоид АД не постои повисок приоритет од високопрофесионален и етичен однос на нашите вработени, од која било земја да потекнуваат и на која било позиција да работат.

Ние постоиме за исполнување на нашата мисија и визија, и секој вработен со своето однесување треба да ја манифестира својата цврста намера и подготвеност да придонесе за поуспешно остварување на истите.

Кодот на етичко и бизнис-однесување е сублимат на правила за однесување на работното место кои треба да бидат помош на сите вработени за нивно подобро функционирање, а сè со цел помалку неусогласености и грешки кои при евентуална појава би го нарушиле угледот на вработениот, а со тоа и на самата компанија.

Кодот на етичко и бизнис-однесување не претставува нешто што почнуваме да го практицираме при вработување во Алкалоид АД, или го практицираме кога за тоа ќе имаме доволно време. Кодот треба да претставува показател за тоа што правиме и како се однесуваме во секоја минута и во секој момент од денот. Со еден збор, тоа треба да нè претставува како високи професионалци и како успешна компанија, како успешна 75-годишна приказна изградена на темелите на високата професионалност, традицијата на успешност и трудољубивост.

Живко Мукаетов
Генерален директор и
Претседател на Управен одбор
Алкалоид АД - Скопје

* Овој водич не е работен договор и истиот може да биде променет од страна на Менаџментот на Алкалоид во кое било време.

КОД на ЕТИЧКО

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 7
1.1 Подрачје на примена 7
1.2 Нашиот Код на однесување 8
1.3 Нашата етика 9
1.4 Одговарање на задачите, одговорностите и овластувањата 10
1.5 Известување за можни прекршувања на политиката и на процедурите на Алкалоид АД 10
1.6 Корпоративна етика и нејзино задоволување 12

2. НАШИТЕ КЛИЕНТИ И ПАЗАРИТЕ НА НАШЕТО РАБОТЕЊЕ 13
2.1 Управување со клиничката безбедност на нашите производи 13
2.2 Фармацевтски маркетинг и промотивни активности 14
2.3 Нашите клиенти и пазарите 15
2.4 Неетичен или нефер однос се смета: 17
2.5 Инволвирање на Правната служба на Алкалоид 17
2.6 Заштита на податоците 17
2.7 Информации за конкуренцијата и пазарот 18
2.8 Алкалоид и Државните органи 18

3. НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ, СОРАБОТНИЦИ И ОКОЛИНАТА 20
3.1 Еднаков третман 20
3.2 Код на облекување 21
3.3 Мобинг и злоупотреба 22
3.4 Различност 23
3.5 Заштита при работа 24
3.6 Злоупотреба на алкохол, лекови и дроги 25
3.7 Хронични болести 26

4. НАШИТЕ АКЦИОНЕРИ И СОПСТВЕНОСТА 26
4.1 Сопственост на компанијата 26
4.2 Конфликт на интереси 28
4.3 Добивање подароци 29
4.4 Тргување со акции 31
4.5 Наши публикации - известувања, книги, брошури, записи 32
4.6 Електронска пошта, компјутери и безбедност на комјутерската мрежа 33

5. ЈАВНОСТА И ОПШТЕСТВОТО 34
5.1 Превенирање на корупција и подмитување 34
5.2 Личен политички ангажман 35
5.3 Алкалоид и човековата околина 36
5.4 Надворешна комуникација до инвеститорите и медиумите 37
5.5 Барања за финансиски информации или анализи 38
5.6 Контрола на извозот, бојкоти (ембарго) и трговски рестрикции 38

6. ЛИЧНА ПОСВЕТЕНОСТ 39

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

1. ВОВЕД

Во изминативе повеќе од 7 децении работење, Алкалоид АД го изгради својот углед како компанија со силен интегритет, во согласност со високите бизнис стандарди во индустријата, во која функционира благодарение на напорите и посветеноста на своите вработени и истите се во согласност со законската регулатива во секоја земја каде што имаме развиено активности.

Нашиот углед е голем влог во иднината и зависи од секој поединец кој работи во и со нашата компанија во која било земја каде што Алкалоид има свои операции. Угледот и имиџот на една компанија кои тешко се стекнуваат, а уште потешко се одржуваат, најтешко се враќаат тогаш кога нивниот интегритет ќе биде доведен во прашање.

Овој водич треба да послужи на секој вработен со цел да го одржува и унапредува угледот на Компанијата, каде што поминува добар дел од својот живот. Во него се содржани елементи од повеќе корпоративни процедури и упатства од различни области. Континуираното почитување на воспоставените стандарди од сите вработени, на долг рок, донесува придобивки за потрошувачите, клиентите, општеството, акционерите и за самата компанија.

1.1 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

Овој Код на однесување на работното место се применува секаде каде што Алкалоид АД има свои вработени и активности почнувајќи од матичното место или централата на фирмата со сите профитни центри, сектори, претставништвата во други земји и региони и се однесува на сите функции во самата компанија.

1.1.1 КОЈА Е НАШАТА ЗАДАЧА?

Наша задача е да работиме согласно со законската регулатива и корпоративната политика и процедурите на Алкалоид АД. Одговорни сме да ги научиме и разбереме законските и компаниските барања и стандарди врзани за одговорноста на нашето работно место.

Доколку некоја ситуација не е покриена со овој Код на однесување или доколку постои дилема во однос на процедурите, да се обратиме до нашиот директно претпоставен, одговорниот за Човечки ресурси или Правната служба пред да донесеме одлука.

1.1.2 КОЈА Е ОДГОВОРНОСТА НА РАКОВОДСТВОТО?

Врвниот менаџмент има дополнителна одговорност и тоа да служи како модел за овие стандарди и истите јасно да ги демонстрира преку поддршка и редовно охрабрување на менаџерите да ги спроведуваат и почитуваат донесените стандарди. Менаџерите мора да иницираат и обезбедат соодветна обука и упатства во врска со однесувањето на работното место од аспект на правни и етички стандарди, заради осетливоста и исполнување на барањата на работните места. Менаџерите носат силна одговорност за етичките прашања и мораат да стимулираат отворена комуникација за проблемите во функционирањето.

1.2 НАШИОТ КОД НА ОДНЕСУВАЊЕ

Алкалоид АД изгради свој код на однесување во којшто се адаптирани фундаменталните стандарди за сите вработени веќе опишани во својата Политика за квалитет и сите свои акти за успешно функцио-нирање.

1.2.1 КОЈА Е НАШАТА ЗАДАЧА?

- Да ја работиме работата чесно и професионално со што го заштитуваме угледот и го градиме имиџот на Алкалоид и сликата за Компанијата во јавноста.
- Кога работиме, да градиме врски со коминтентите и соработниците базирани на доверба и да се однесуваме кон нив со почит и одважност.
- Да работиме во согласност со законските барања, политиката и процедурите.
- Да избегнуваме активности што би можеле да не вовлечат во противправна активност и со тоа да си наштетиме лично и на угледот на Алкалоид.

- Да избегнуваме секаков конфликт на интерес (потенцијален или актуелен) во која било активност или трансакција.
- Да даваме само точни и проверени информации во извештаите и да ги заштитуваме сите доверливи информации на Алкалоид кога стапуваме во релација со клиенти или соработници од интерес.
- Веднаш да известиме доколку е прекршен кој било закон од интерес, етички принцип или политиката на Алкалоид. За вакви случаи потребна е целосна соработка со Правната служба, Интерната контрола и ревизија или друг орган во евентуална истражна постапка.
- Да го почитуваме овој Код на однесување со што ќе придоне-семе во чување на угледот и градење на имиџот на Алкалоид.

1.3 НАШАТА ЕТИКА

Овој водич не може да ја опфати секоја ситуација. Доколку кој било од нас се најде во ситуација на етички проблем, што сметаме дека е тешко да се разреши, пред сè е потребно да се обидеме да си одговориме на неколку прашања:

- Дали тоа е законски и етички?
- Дали тоа е во согласност со политиката на Алкалоид, процедурите и со овој Код на однесување?
- Можам ли овој проблем да го споделам со најблиските?
- Дали би ми било сеедно доколку јавно се нападне мојата компанија?

Доколку и покрај сè не сме во состојба да изнајдеме вистинско решение за проблемот, потребно е до го консултираме и информираме претпоставениот, да бараме дополнителни информации од компетентни колеги или соработници сè додека не дојдеме до вистинското решение.

1.4 ОДГОВАРАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ, ОДГОВОРНОСТИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА

Вработените на Алкалоид се одговорни за навремено известување врзано за каков било сомнеж, односно лоцирање на можно несоодветно однесување или работење. Ова се однесува и на соработниците, надворешните консултанти, студентите - практиканти и вработените на одредено време. Најдобро е да се поттикне свесност за случајот уште пред да се појави проблем или сериозна штета за фирмата или за вработениот. Да се биде еден чекор пред проблемот да се појави е една од најголемите наши одговорности како вработен (Процедура за корективни и превентивни мерки).

1.5 ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА МОЖНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ПОЛИТИКАТА И НА ПРОЦЕДУРИТЕ НА АЛКАЛОИД АД

Во секој случај, за евентуалниот проблем потребно е пред сè да се разговара со директниот претпоставен или со линискиот менаџер кој најдобро ја познава ситуацијата и е подготвен да помогне. Во случај да не се добие помош за евентуалниот проблем, веднаш треба да се пристапи кон известување на некој од корпоративните функции, како Интерна контрола и ревизија, Човечки ресурси, Обезбедување, Фармацевтско обезбедување квалитет, Правна служба или Финансии. Доколку сакате да известите анонимно, тоа можете да го сторите писмено на адреса на фирмата, преку електронска пошта до соодветната служба или менаџер, или доколку постои, по поштенски фах одреден за таа цел.

1.5.1 КАКО ДА ПОСТАПИМЕ ВО СЛУЧАЈ КОГА НЕМАМЕ ДОВОЛНО ПОДАТОЦИ ЗА НОСЕЊЕ ОДЛУКА?

Во случај да се најдеме во ситуација или да ни се појави сомнеж за несоодветно работење, потребно е да ги комуницираме фактите што ги имаме со нашите директно претпоставени. Не се очекува да ги имаме сите информации и одговори, но, генерално, колку повеќе специфични информации имаме толку е посоодветна одлуката која треба да се донесе.

Во известувањето потребно е да ставиме информации за случката, кој бил инволвиран, каде, дали е потребна брза реакција и каква било информација што би и помогнала на Компанијата да преземе соодветна акција. Потребно е да знаеме дека не треба да преземеме каква било истражувачка акција на своја рака.

1.5.2 ДОВЕРЛИВОСТ

Секое известување за несоодветно работење ќе биде третирано како доверливо од страна на Алкалоид, поради важноста на истрагата или соработката со владините институции и во согласност со правната рамка и преземањето правни дејства.

1.5.3 ПРЕЗЕМАЊЕ АКТИВНОСТ ВРЗ ОСНОВА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО

По приемот на информацијата внимателно се преоценува ситуацијата пред да се преземат истражни дејства или каква било друга активност. Во случај на следење на ситуацијата од страна на Компанијата, истражувањето може да не биде транспаретно заради почитување на доверливоста на изворот или на сите вклучени во настанатата ситуација.

1.5.4 ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

Корпоративните политики и процедури на Алкалоид се однесуваат на сите вработени и на сите нивоа во Компанијата и се задолжителни без разлика на позицијата и работното место на вработениот. Секое отстапување од пропишаните правила или непочитување на политиката на Алкалоид, непридржување кон овој Код на однесување, неинформирање за погрешно работење, непреземање мерки за корекција на работењето, предизвикани штети итн. ќе бидат предмет на дисциплински активности.

Истото важи и за раководните позиции на кое било ниво.

Сите горенаведени ситуации повлекуваат дисциплински мерки вклучувајќи и отказ или прекин на договорот за работа. Менаџментот

на Алкалоид, Човечките ресурси и Правната служба се одговорни за дисциплинските активности. Исто така, прекршување на Законот може да предизвика и граѓански или кривични постапки за кој било вработен.

1.5.5 ПОЛИТИКА НА НЕРЕВАНШИРАЊЕ

Алкалоид смета дека доколку постои каква било индиција на реваншизам може да ги обесхрабри вработените за информирање на неусогласеностите или ситуациите на лошо работење. За таа цел, Алкалоид ќе преземе дисциплински мерки, вклучувајќи и отказ или раскин на договорот за работа, кон секој оној кој се заканува или прави активности на реваншизам и злоставување на кој било вработен кој доброволно сака да информира или размислува да информира за евентуално лошо работење.

Информирањето за лошо работење нема да му обезбеди имунитет на тој што го направил извештајот и истиот ќе биде инволвиран заради брзо решавање на проблемот и соработка во постапката за отстранување на евентуалната грешка.

1.6 КОРПОРАТИВНА ЕТИКА И НЕЈЗИНО ЗАДОВОЛУВАЊЕ

Управниот одбор на Алкалоид АД воспоставува политика на етичко однесување, со цел да се задоволат високите стандарди на етичко водење на Компанијата.

Етичкото однесување е во надлежност на Човечките ресурси кој изготвува и доставува извештаи на Генералниот директор. Политиката на етичко однесување пропишува упатство за работа и дефинира мерки и одговорности за евентуални грешки со цел да се усогласи работењето со законската регулатива и компаниските процедури и да се создаде позитивна клима на етичност за сите вработени.

1.6.1 ПОЛИТИКА НА КОРПОРАТИВНАТА ЕТИКА

Алкалоид преку поддршката од сите вработени и со почитување на етичките норми ќе:

- ги преоценува ризиците, со цел да обезбеди дека при внатрешните контроли ќе има одговор и мерки на детектираните ризици;
- обезбеди обука преку едукативни програми направени врз база на откриените ризици за поуспешно справување со истите;
- обезбеди услови за спроведување на политиката на континуирана едукација, постојана надградба и усовршување;
- обезбеди систем за мониторинг и ревизија кој е способен да открива нелегално или неетично однесување.

1.6.2 КАКО ТРЕБА ДА СЕ КОМУНИЦИРА ИЛИ ИНФОРМИРА МЕНАЏЕРСКИОТ ТИМ И УПРАВНИОТ ОДБОР НА АЛКАЛОИД

Линискиот или хоризонталниот менаџмент е одговорен за имплементирањето на ефективната внатрешна контрола за менаџментот на ризиците и правната усогласеност. Алкалоид има воспоставено и Интерна контрола и ревизија, што ги открива неусогласеностите и потенцијалните ризици, специфичните ситуации и несаканите појави и истите ги следи и коригира.

Преку имплементацијата на стандардите за квалитет е воспоставен систем за корективни и превентивни мерки, оценувања и управување со ризиците (risk assessment), што претставува еден од влезните параметри за преиспитување на Системот за квалитет и животна средина што се спроведува најмалку еднаш годишно од страна на Тимот за квалитет и животна средина, ја проверува компатибилноста со законската регулатива и ја комуницира информацијата до менаџерскиот тим и Управниот одбор.

2. НАШИТЕ КЛИЕНТИ И ПАЗАРИТЕ НА НАШЕТО РАБОТЕЊЕ

2.1 УПРАВУВАЊЕ СО КЛИНИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ

Клиничката безбедност, квалитетот и ефикасноста на нашите производи во фазата на развој и низ целиот животен циклус на лекот е од огромно

значење за Алкалоид. Клиничката безбедност, како и соодветноста на супстанциите, нивниот квалитет и активност се под целосна контрола (ГМП) и се преземаат сите превентивни мерки за безбедност на пациентите.

Алкалоид АД произведува квалитетни, сигурни и безбедни лекови (производи), согласно GMP барањата и има воспоставено систем за фармаковигиланца.

Што се очекува од нас?

Во случај на пријавен несакан ефект или каков било проблем врзан со препарат на Алкалоид, веднаш треба да се информира директно претпоставениот кој понатаму ќе ги преземе активностите за расчистување на ситуацијата.

- Во Македонија постои Биро за пријавување на несакани ефекти кај пациентите и истото е во склоп на Медицинскиот факултет и Клиниката за фармакологија.
- Алкалоид ги следи сите барања на Министерството за здравство и другите министерства од интерес и ги задоволува пропишаните стандарди за безбедност на производите.
- Алкалоид се држи стриктно до GMP смерниците
- Доследно ги следи сите процедури за прием, производство, контрола на квалитет, складирање, ракување и испорака на производите.

2.2 ФАРМАЦЕВТСКИ МАРКЕТИНГ И ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Алкалоидовите маркетиншки и промотивни активности на фармацевтските производи на сите пазари каде што има активности се во согласност со етичките, медицинските и со научните стандарди. Сите маркетиншки и промотивни активности од страна на Алкалоид и претставништвата се базирани на медицински докази, се во согласност со локалниот Закон за медицински информации и препишување на лековите,

како и со информации за пациентите содржани во Упатството за употреба на лекот. Сето гореспоменато е во согласност со политиката на Алкалоид и со целата законска регу-латива секаде каде што развиваме или имаме развиено активности.

Што се очекува од нас?

Сите вработени или инволвирани во маркетиншките и промотивни активности се одговорни за квалитетот на информациите и медицинските докази кои се презентирани на различни начини (лифлети, презентации, пропаганден материјал, видеозаписи итн.) Истите се изготвуваат и се подложни на процедура на одобрување пред да бидат лансирани. Корпоративниот маркетинг е дел од процесот на одобрување на сите материјали за сите пазари каде што Алкалоид има свои активности за продажба и маркетинг.

Сите маркетиншки и промотивни материјали, како и активностите на Алкалоид и на своите фирми и претставништва:

- мора јасно, недвосмислено и точно да ги претставува производите или услугите на трети лица;
- нема да вклучи каков било материјал кој би бил навредлив или нападен за личностите, културата или за нацијата, за кои е наменет.

2.3 НАШИТЕ КЛИЕНТИ И ПАЗАРИТЕ

Алкалоид е посветен на натпревар на слободен и отворен пазар и својот раст и развој го должи на високиот квалитет и конкурентност на своите производи, услуги, талентот, знаењето и посветеноста на своите вработени. Европската законска регулатива која постепено се имплементира, како и законите во земјите каде што работиме, ги заштитуваат слободните пазари и даваат секому шанса за успех врз база на квалитетот на своите производи и вештините за успешно маркетирање. Секое прекршување на законите за конкурентност може да резултира со несакани ефекти во работењето, како и публицитет кој би го нарушил добриот имиџ на Алкалоид.

Што се очекува од нас?

Ниеден од нас вработените или надворешен соработник (outsourcing) на Алкалоид не смее да ги договара или да ги дискутира со конкуренцијата следниве содржини без претходно одобрение или совет даден од Генералниот директор, од Директор на продажби за извоз или Директорот на претставништво на респективниот пазар, или пак Правната служба:

- Цени, попусти или ценовна политика
- Услови за тргување, продажба, вклучувајќи ја и кредитната политика на фирмата или компаниските привилегии
- Формирање на цените на дистрибутерите, дилерите, веледрогериите, велетрговците или останатите клиенти
- Маркетинг-плановите, планираните промоции или рекламните кампањи
- Профитот, профитните маргини или трошоците
- Уделот на пазарот
- Дистрибуцијата и дистрибутивните канали
- Тендерите или намерите за учество на тендерите
- Можностите за производство или лимитите за производство
- Неформални групи кои имаат или развиваат активности за каков било бојкот или нарушување на работењето
- Одбирање и класификација на клиенти или прекин на договор со клиенти
- Територија на која се продава, пазари, број на клиенти и број на персонал посветен на соодветниот пазар.

Исто така, нашите активности не ги прекршуваат законите кои ја забрануваат монополизацијата и не ја злоупотребуваме евентуалната доминантна позиција на кој било пазар. Мора да бидеме свесни дека во некои земји постои или се работи со дискриминаторска ценовна по-литика и протежирање нелојална и непринципиелна конкуренција.

2.4 НЕЕТИЧЕН ИЛИ НЕФЕР ОДНОС СЕ СМЕТА:

- Давање лажни изјави во врска со конкуренцијата или нивните производи
- Крадење или злоупотреба на тајните на конкуренцијата
- Каков било прекин на достава на конкурентните производи
- Да влијаеме на клиентите да прекинат договор со нашите конкуренти
- Да платиме за да му се наштети на конкурентот

2.5 ИНВОЛВИРАЊЕ НА ПРАВНАТА СЛУЖБА НА АЛКАЛОИД

Заради почитување на законската регулатива и законите директно врзани за работата на Алкалоид, потребно е инволвирање на Правната служба која треба да ги одобри членовите на предложените договори и истите да ги усогласи со нашите интереси и постојните прописи.

Посебно осетливи се договорите со:

- Дистрибутери, застапници и дилери кои имаат релација со Алкалоид и контакт со производи и документи од нашата фирма.
- Активности врзани за регистрација на лекови
- Консултација со авторитетите во земјата каде што постои сериозна намера за настап и каде што мора да се почитува локалната законска регулатива
- Корпоративни Договори со различни финансиски институции

2.6 ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ

Алкалоид ги заштитува сите права на пациентите, консументите на нашите производи, како и информациите за своите вработени. Посветени сме на заштита на информациите и истите ги имаме стандардизирано во процедури за комуникација согласно со политиката на Компанијата и Законите за заштита на личните податоци во сите земји каде имаме операции.

Што се очекува од нас?

- Да не бараме пристап до некоја лична информација доколку истата не е врзана за нашата работа.
- Да ги третираме личните информации со најголема сериозност и да се грижиме за нивната доверливост.
- Да обезбедиме услови личните информации да не излезат надвор од предвиденото или без одобрение на одговорен од Алкалоид и според соодветна процедура.

2.7 ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРОТ

Алкалоид има способност и капацитет базиран на знаење и разбирање на пазарот, како и систем за предвидување на намерите на конкуренцијата. Нашето „разузнување“ во сите случаи е етички чисто и во согласност со законската регулатива која ја штити сопственоста на информациите.

Што се очекува од нас?

- Да ги собереме информациите за конкуранцијата само од легални и легитимни извори.
- Да внимаваме со информациите кои сме ги добиле преку невообичаени канали и кои припаѓаат на конкуренцијата или на трети лица. Во случај да стигнеме до такви информации, потребно е веднаш да го информираме својот директно претпоставен или Менаџерот на Човечки ресурси.

2.8 АЛКАЛОИД И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

Секоја година Алкалоид и Јавното здравство (репрезентирано од соодветното министерство во владите и земјите каде што имаме операции) се во бизнис-релација на заемен интерес, а пред сè во релација на задоволство на пациентите во респективната земја.

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

Што се однесува, пак, до антикорупциските закони, ние во целост ги почитуваме истите и сè она што е опфатено со нив во секоја земја каде што имаме операции.

Не применуваме средства за подмитување или подарување со цел да добиеме противуслуга или каква било корист од државниот здравствен буџет. Сите комерцијални активности, маркетиншки, промотивни или активности поврзани со компензации и рабати мора да бидат претходно одобрени од страна на Алкалоид и достапни до Власта и здравствените авторитети доколку е тоа облигативно и не е во судир со било кој закон. Постојат ограничувања во давањето подароци, благодарници, слободни активности (забава) или каква било друга компензација во случај кога Владата се јавува како купувач на нашите производи.

Во интерес на одржување позитивна релација и релација на соработка, на заемно задоволство со државните органи на земјите каде што Алкалоид има свои операции, УО на Алкалоид АД - Скопје дозволува одржување и на непрофитабилни производи на пазарот заради државниот интерес на предметната земја.

Што се очекува од нас?

- Да се консултираме со директно претпоставениот, со службата за Човечки ресурси или со Правната служба доколку сакаме да подариме некоја вредност на здравствен работник или на владин службеник.
- Да се осигураме дека сите информации употребени во калкулацијата на цените за владините проекти и за сите отстапувања треба да бидат направени во согласност со владините процедури на комплетен и соодветен начин.

3. НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ, СОРАБОТНИЦИ И ОКОЛИНАТА

3.1 ЕДНАКОВ ТРЕТМАН

Алкалоид спроведува политика на балансирана работна сила според принципите на еднаква можност и еднаков третман на сите, создавјќи работна атмосфера во која секоја индивидуа има можност да ги покаже своите вредности, а со тоа да ја збогати палетата на можности за подобар бизнис.

Во Алкалоид владее начелото на транспарентна, навремена и недвосмислена комуникација, во која сите страни, учеснички, ќе ги разберат пораките на соговорниците. За таа цел, како официјален јазик во меѓусебната комуникација на колегите од различни земји и обуките организирани за истите, е усвоен англискиот јазик. Секој од менаџерите на респективните земји каде што Алкалоид има свои операции, ќе се погрижи вработените да бидат способни непречено да комуницираат на овој јазик.

Во сите фази на процесите на ангажирање работна сила, вработу-вање, обуки, промоција, компензација, бенефиции, преместувања, суспендирања, напуштања и отсуства се со директно учество на сите менаџери без разлика на национална, религиска, полова, етничка, возрасна припадност или лице со хендикеп од која било причина (природен, стекнат како последица на незгода или војна). Алкалоид обезбедува место и соодветен простор за вработените со хендикеп или посебни потреби.

Што се очекува од нас?

- Меѓусебен третман и однесување со респект и дигнитет
- Компатибилност со сите закони за вработување и регулативи во сите земји каде што работиме
- Познавање на англискиот јазик на ниво на непречена комуникација на истиот, почнувајќи од позиции на помлади специјалисти или соработници во Алкалоид АД-Скопје и позиции на помлади менаџери

и оние кои имаат фреквентна комуникација со Централата во Скопје од претставништва и фирмите на Аклалоид АД - Скопје во други земји
- Соодветно известување кон Менаџментот и Човечките ресурси за какви било неусогласености кои не се во согласност со политиката, принципите и со процедурите за спроведување корективни мерки.

3.2 КОД НА ОБЛЕКУВАЊЕ

Во духот на високата професионалност, Алкалоид одржува висок критериум и за начинот на облекување на своите вработени.

Секаде каде што униформата како работна облека не е застапена, облекувањето треба да биде бизнис-ориентирано и ненападно.

Што се очекува од нас?

- Да ја зачуваме високата професионалност при избор на облеката.
- Секогаш да презентираме висока професионалност и позитивна слика.
- Таму каде што не е предвидена униформа на работното место или пак каде што не е потребна поинтензивна физичка работа, доколку поинаку не е договорено, облеката да биде бизнис-ориентирана, т.е. да обрнеме внимание на трите основни карактеристики на деловното облекување („The 3 Cs“): Класично, чисто, конзервативно (со добар вкус и прикладно): задолжително костуми за мажите и бизнис-здолништа или костуми за припадничките на понежиот пол.
- Да бидеме запознаени дека во формалното бизнис-облекување спаѓаат: за дами костум со здолниште или со панталони во комбинација со кошула или со блуза и шамија/шал; за мажи костум со кошула, вратоврска, ремен, чевли и чорапи; боја на костум за двата пола (црн, сив, тегет или кафен).
- Не се дозволени: екстремни фризури и бои на коса, премногу парфем, кратки здолништа, бермуди, длабоки деколтеа.

- Накитот кој го употребуваме треба да биде во што помала количина, ненападен и во склад со нашата позиција и улога во која настапуваме во името на Алкалоид.
- Не е дозволено покажување на "пирсинзи" во тек на работното време.
- Доколку бидеме поканети за присуство на некој настан, прослава или коктел, или пак назначени од нашиот претпоставен да присуствуваме на истите, потребно е да внимаваме на Кодот на облекување кој вообичаено е назначен на поканата за настанот.
- Да употребуваме ненападна, дискретна шминка во тек на работното време.
- Секогаш да имаме чисти чевли.
- Да водиме грижа за хигиената, а посебно на забите
- Вработените во Алкалоид, каде не е потребно носење на униформа или работна облека, ќе го имаат секој работен ПЕТОК како ден за секојдневно бизнис-облекување (business casual style)

3.3 МОБИНГ И ЗЛОУПОТРЕБА

Основно право на секој вработен е да работи во средина која е ослободена од секаков вид мобинг или ако тоа се случи дека ќе биде заштитен без страв од реваншизам.

Мобингот по која било основа нема да биде дозволено или игнорирано од страна на Алкалоид и се однесува на личности во однос на нивната расна, етничка или национална припадност, возраст, пол и сексуална ориентација, религија, инвалидидтет или посебни потреби, како и која било друга лична карактеристика. Употреба на кој било тип сопственост на Алкалоид како возила, компјутери, документи или средства за PR во цели на мобинг од секаков вид е строго забрането.

Што се очекува од нас?

Секој од нас вработените треба да преземе лична одговорност за надградување на компаниските стандарди преку чување на дигнитетот и почитување на сите кандидати за работа, соработници, клиенти, работници по договор или поединци во каква било врска со Алкалоид.

Никогаш не смееме да:

- бараме, инсистираме или уценуваме вработен со сексуална услуга;
- бидеме нападни, употребуваме невкусни коментари, пцости, навредливи забелешки, текстови или слики;
- етикетираме личност негативно;
- се закануваме на полова основа при: примена на дисциплинска мерка, одбивање предлог за унапредување или одземање на некои ветени бенефиции;
- вклучуваме и практицираме негативни и полово настроени шеги, зајадливост или невкусно однесување;
- даваме вербални забелешки или да инсистираме на неприфатено допирање (физички контакт) на сексуална основа што би предизвикало нарушување на работната околина, намалување на перформансите на вработениот и предизвикување чувство на пониженост, непристојност и напната работна атмосфера.

Доколку имаме некое прашање во врска со мобингот или веруваме дека сме подложени или сме сведок на истото, потребно е да побараме помош и препораки од одговорниот за Човечките ресурси.

3.4 РАЗЛИЧНОСТ

Алкалоид како компанија која работи во повеќе земји се стреми кон почитување на спецификите и разликите во однос на културата, верувањата и карактеристиките на средините каде што работи. Тука се вклучени вработените, потенцијалните вработени, клиентите, дистрибутерите, акционерите и сите засегнати страни кои се во директна или индиректна бизнис-врска со

Алкалоид или нејзиното претставништво/фирма во друга земја од матичната. Одржувањето и посветеноста на политиката на вработување на различна (мешана) работна структура е една од силните страни на Алкалоид.

Што се очекува од нас?

- Сите вработени се одговорни за одржување и поддршка на системот на мултиетничност, мултикултурност и мултиконфесионалност во работната средина.
- Менаџерите се одговорни да ја промовираат и ефективно да ја менаџираат различноста по секоја основа во компанијата со цел да се унапредува вкупната продуктивност, работниот успех и лојалноста на вработените.
- Исто така се очекува од менаџерите да ја негуваат различноста како составен дел на стратегијата и да осигураат дека мобингот, дискриминацијата, лошото и нападно однесување поради различниот степен на образование, култура, верувања или какви било карактеризирања не се дозволени и нема да се толерираат.

3.5 ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

Политиката за заштита при работа е еден од важните елементи што Управниот одбор на Алкалоид силно го поддржува и бара негово доследно спроведување на сите нивоа во Компанијата. Истото се однесува и на сите соработници, гости или поединци кои имаат каква било врска со нашата фирма. Сите оперативни мерки врзани за заштитата при работа се законски определени и истите доследно се применуваат преку дефинираните процедури и почитување на соодветните стандарди.

Што се очекува од нас?

Како вработени обврзани сме:

- Да ги знаеме и да ги почитуваме сите процедури, упатства и политики за заштита на околината и заштита при работа врзани за нашето работното место.
- Веднаш да го известиме нашиот претпоставен за евентуалниот проблем од здравствен или безбедносен аспект, со цел соодветно и навремено да се реагира и да се спречат идни несакани случки.
- Да не претпоставуваме дека некој друг треба да информира за немилиот настан. Сите информации околу безбедноста и здравјето се во надлежност на Алкалоидовиот оддел за Општи работи (обезбедување, заштита и хигиена) и истиот функционира со соодветни процедури и упатства.

3.6 ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛ, ЛЕКОВИ И ДРОГИ

Употребата или злоупотребата на алкохол, лекови и дроги сериозно може да ја намали работната способност. Тоа може да доведе до компромитирање на квалитетот на работата и производите што претставува сериозно нарушување на квалитетот што е наша главна мисија. Исто така употребата на алкохол, лекови и дроги може сериозно да наштетат на здравјето и безбедноста на вработените и соработниците, а со тоа на целиот процес. Алкалоид стриктно забранува употреба на опојни дроги. Консумирањето алкохол на работното место е децидно забрането, освен во случај на одобрување од страна на менаџментот и во специјални прилики.

Ги советуваме нашите вработени да побараат стручно мислење од лекар во случај кога мора да земаат препишан лек поради можните несакани ефекти и можноста да се повредат на работното место.

Злоупотребата на алкохол, лекови или дроги се третираат како болест и препорачуваме силно до нашите вработени да се лекуваат од овие зависности.

Во случај да забележиме вработен под дејство на некоја од наведените супстанции или како ги консумира на работното место, потребно е веднаш да го информираме директно претпоставениот менаџер, човечките ресурси или одделот за Општи работи.

3.7 ХРОНИЧНИ БОЛЕСТИ

Дискриминација спрема лица со хронични болести, вклучувајќи и ХИВ-позитивни, не е дозволена и се осудува од страна на Алкалоид. Нашата политика не е дискриминаторска во однос на вработени кои се подложени на лекување и истите се третираат со почит без разлика дали се работи за болест, хендикеп или посебни потреби.

Што се очекува од нас?

- Да ги почитуваме и да не ги дискриминираме своите колеги кои имаат некоја хронична болест или хендикеп.
- Менаџерите да им овозможат на овие вработени соодветен третман во работењето, унапредувањето и пополнувањето на работните места.

4. НАШИТЕ АКЦИОНЕРИ И СОПСТВЕНОСТА

4.1 СОПСТВЕНОСТ НА КОМПАНИЈАТА

Материјалната и нематеријалната сопственост на Алкалоид како и информациите за сопственоста се богатството на нашата компанија. Тие се употребуваат со цел да се постигнат бизнис-целите на Алкалоид и заради тоа мора да се заштити нивната вредност. Секоја употреба на материјалната сопственост или информација, сопственост на Алкалоид, од кој било вработен (или кој било поврзан со работата) и кој може да направи материјална корист за себе или за свои блиски луѓе, е забранета. Компаниски имот или каков било вид сопственост на Алкалоид даден на користење мора да биде вратен на

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

Компанијата во случај на прекин на вработувањето. Поседување доверливи информации и работењето со нив се дел од нашата секојдневна работа. Доверливи информации се сите оние кои јавно не се објавуваат и кои имаат вредност за Алкалоид. Тие можат да бидат во пишана форма, електронска или која било друга форма. Примери за доверливи информации се:

- Информации врзани со цената на производите
- Трговски тајни и know-how, формулации, рецептури и процеси
- Резултати и бројки од продажби
- Маркетинг-планови и бизнис-стратегии
- Планови за лансирање производи
- Планирани приходи и продажби
- Клиенти, патентни права, досиеја на вработените
- Информации поврзани со истражување и развој
- Иновации и екстензии
- Листи на добавувачи
- Податоци за регистрации
- Планирани рекламни и промотивни кампањи

Што се очекува од нас?

- Да имаме голема одговорност кон соодветна употреба и заштита на сопственоста или доверливите информации кои се во сопственост на Алкалоид или кои се дадени на Алкалоид од друг.
- Да сме крајно одговорни за безбедноста и имаме дозволен пристап за соодветно користење на информациите и материјалните добра на Алкалоид и истите да се во наша контрола и грижа во комуникацијата со трети лица.
- Не ни е дозволено да ги изнесуваме доверливите информации или да ги даваме материјалните добра на кој било надвор од Алкалоид без претходна дозвола на нашиот директно претпоставен или без потпишување Договор за доверливост. Никогаш не треба да дискутираме на јавни места доверливи информации.

- Нашата обврска во врска со доверливоста на информациите не престанува ни по нашето заминување од Алкалоид или по прекин на вработувањето и истата е пропишана во член од нашиот Договор за работа.
- Доколку забележиме злоупотреба на која било сопственост на Алкалоид, мораме веднаш да го известиме директно претпоста-вениот менаџер, одговорниот за Човечките ресурси, Интерната контрола и ревизија или одделот за Општи работи (обезбедувањето).

4.2 КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Алкалоид очекува сите вработени да елиминираат секаква можност од конфликт на интерес или секаква потенцијална ситуација која би го предизвикала.

Конфликт на интерес се јавува во случај кога се добива директна или идна лична корист и на која можат да влијаат Вашите одлуки или преземени дејства додека работите за Алкалоид.

Алкалоид поддржува и дава слобода на инвестиции и лично инволвирање во социјалниот живот и бизнис-врските со околината, но во никој случај не смее вработениот да направи лична корист која има конфликт на интерес со Алкалоид. Истото се однесува и на сите можни одлуки или постапки кои можат да се направат за време на секојдневните активности на работното место и се во конфликт на интереси со Алкалоид.

Што се очекува од нас?

Да избегнуваме секаков конфликт на интерес без разлика дали е актуелен или има шанса да се појави за време на работењето на нашата работа.

Во секој случај, во овој Код на однесување не можат да се опишат сите можни ситуации на конфликт на интерес но, следниве примери можат да ни помогнат во појаснувањето на евентуална ситуација:

- Ние или член на нашето поблиско семејство има значаен финансиски интерес во која било компанија конкурент на Алкалоид.

- Во случај да работиме без писмено одобрение како директор, службеник, консултант или советник или во кој било друг вид релација со друга организација која тековно или потенцијално е конкурентна фирма или има каква било врска со Алкалоид.
- Ангажирани сме на некоја работа надвор од Алкалоид без претходно одобрение од менаџментот и истата таа работа е во конкурентски или потенцијално конкурентски однос со Алкалоид и каде што нашата активност ја намалува нашата способност за работа, расудување, ефективност или продуктивност.
- Ние или член на нашата фамилија директно или индиректно прифаќа платен одмор, пари, противвредност на пари, накит, услуги, плаќања на наше име, заеми, подароци или каков било вид забава (социјален настан) од индивидуа или организација која е конкурентна или има релација со Алкалоид.
- Намерно му конкуриравме на Алкалоид во набавка или продажба на материјална или нематеријална сопственост.
- Користиме момент на лично директно или индиректно профитирање во ситуација кога Алкалоид има или сака да има некаков интерес.
- „Член на семејство" или „близок член на семејство" е лице од семејството кое живее во нашиот дом или чија врска или однос влијае на одлуките во име на компанија конкурент на Алкалоид.

Пред преземање каква било активност или ако постои дилема во врска со потенцијален конфликт на интерес, наша одговорност е да обезбедиме писмено одобрение од нашиот претпоставен или од одговорниот во Алкалоид.

4.3 ДОБИВАЊЕ ПОДАРОЦИ

Во секојдневната работа можно е одвреме-навреме да се случи размена на подароци или социјални средби (забава) кои секако имаат своја номинална вредност. Оваа политика е базирана на стандарди и ограничувања во давање и примање на понудената форма, социјализирање или подарок од која било личност, организација или институција поврзана со Алкалоид и нашите

бизнис-активности. Несоодветното прифаќање подароци може да создаде конфликт на интерес или да се протолкува како влијание врз некој вид одлука поврзана со желба или намера на третата страна. Ова може да наштети на угледот на Алкалоид и неговите односи со странките.

Што се очекува од нас?

Можеме да прифатиме забава или социјално дружење во случај кога е:

- Законски или етички оправдано
- Случајно (ситуација која тешко можеме да ја избегнеме)
- Вообичаено и разумно во вредноста
- Како поддршка на работата на Алкалоид, а не заради личен интерес

Патувања или хотелски сместувања не смеат да се прифатат затоа што немаат третман на социјална активност или забава, затоа што не се со разумна вредност.

Можеме да примиме подарок со номинална вредност како пенкала, чаши, календари, нотеси итн. во случај кога тие подароци се:

- Ретки или со повод
- Вообичаени во бизнис-релациите

Ние или наш близок член на семејството не смееме да прифатиме или побараме од клиент или од потенцијален клиент на Алкалоид каков било подарок или надомест во следниве случаи кои не се ограничени само на следново:

- Сè што може да биде противзаконско
- Нешто што има противвредност и вредност на противуслуга „quid pro quo“
- Платени одмори
- Пари
- Противвредност на пари (чекови, обврзници, сертификати итн.)
- Акции, опции или други хартии од вредност или берзански деривати

- Услуги во вредност различна од онаа што е нормална и актуелна за која било единка
- Заеми
- Специјални попусти (со исклучок на оние кои се понудени на вработените на Алкалоид)

Ова дополнување се однесува на вработените вклучени во набавките на Алкалоид, кои ќе бидат предмет на дополнителни ограничувања во однос на примањето подароци или социјални настани со продавачите на производите од наш интерес или можните клиенти. Пред сè, потребно е да се разговара и да се консултира со директно претпоставениот за да се одредат дополнителните правила и процедури за работење во овој сектор.

Кога сме во дилема дали да прифатиме подарок или социјален настан (забава) мораме да земеме предвид:

- Зошто го добиваме подарокот или поканата?
- Како прифаќањето ќе влијае на другите?
- Дали чувствуваме притисок да возвратиме на некој начин?
- Дали прифаќањето на подарокот или поканата ќе влијае на нашата одлука и расудување?
- Дали е направен напор да се замаскира од јавноста поканата или подарокот?

Во случај да имаме каков било сомнеж или двоумење за примање или одбивање на понудето, потребно е да се обидеме веднаш да ја презентираме ситуацијата на нашиот претпоставен, одговорниот за човечките ресурси и да побараме инструкции како да постапиме.

4.4 ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИ

Вработените во Алкалоид АД - Скопје, кои се воедно и акционери во Компанијата имаат обврска да ги почитуваат сите правила за тргување утврдени со обврските кои ги сносат стекнатите акции и позитивните законски одредби во Република Македонија.

Што се очекува од нас?

Алкалоид АД - Скопје не врши шпекулативно тргување со своите акции и очекува истото да не биде направено од неговите вработени, односно акционери. Во случај на индиции за шпекулативни тргувања, Алкалоид АД - Скопје ќе ја извести Македонската берза за тргување на хартии од вредност и Комисијата за хартии од вредност и ќе побара истрага за направената штета кон Компанијата и останатите акционери.

4.5 НАШИ ПУБЛИКАЦИИ - ИЗВЕСТУВАЊА, КНИГИ, БРОШУРИ, ЗАПИСИ

Сите компаниски информации од финансиска, правна или регулаторна природа мора да содржат точни информации наменети за нашите акционери. Обврска на сите нас е да обезбедиме нашите извештаи и записи да се точни, доволно детализирани и временски соодветни за реално да се отслика работата на Алкалоид.

Што се очекува од нас?

- Никогаш да не прикажуваме тајна, неодобрена информација или неверификуван запис.
- Никогаш да не правиме фалсификуван, вештачки (измонтиран), двосмислен или некомплетен извештај.
- Да ги следиме законите, барањата на IFRS и процедурите за известување на финансиските информации.
- Никогаш да не продаваме, пренесуваме или даваме на увид информации и добра на Алкалоид без соодветна документација и одобрение.
- Да соработуваме со внатрешните и надворешните ревизори.
- Да ја контактираме нашата Интерна контрола и ревизија за прашања во врска со финансиските трансакции и нивните записи.

Ако сме во ситуација да бидеме замолени или ни е наредено да направиме фалсификуван документ, т.е погрешно да презентираме податоци, потребно е веднаш да го информираме нашиот претпоставен, интерната контрола и ревизија и одговорниот за човечките ресурси.

4.6 ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА, КОМПЈУТЕРИ И БЕЗБЕДНОСТ НА КОМЈУТЕРСКАТА МРЕЖА

Компјутерската технологија – хардвер, софтвер, мрежата и информациите што се обработуваат на нив се од есенцијално значење за успешноста на Алкалоид. Секој што го употребува информативниот систем на Алкалоид игра важна улога во оперативноста на ситемот, неговото димензионирање и основната намена. Треба да се обрне внимание дека електронската комуникација не е целосно приватна или само и исклучиво на Алкалоид. За податоците пласирани преку интернет и е-пошта постои опасност од јавно пласирање на доверливи информации. Секоја пратена пошта по електронски пат потребно е да биде проследена со копија до директно претпоставениот и до оние кои во хиерархијата треба да бидат запознаени, а со тоа и инволвирани. За таа цел, УО на Алкалоид АД - Скопје има донесено одлука дека секоја комуникација преку електронската пошта/адреса на Алкалоид, се смета за официјален/званичен документ.

Според тоа, записи од нашата електронска комуникација можат да бидат употребени од различни причини и истите може да бидат надгледувани за да се осигура дека политиката на користење на ИКТ на Алкалоид се остварува како што е предвидена и одобрена. Потребно е да го имаме постојано ова предвид кога користиме интернет или електронска пошта.

Што се очекува од нас?

- Да го користиме системот разумно и за бизнис-цели.
- Да ја чуваме сигурноста на нашиот систем.
- Да не користиме теми во електронската комуникација што може да бидат третирани како нападни, навредливи, злоставувачки, порнографски или на каков било начин вулгарни.

- Да не го користиме системот за електронска комуникација несоодветно со раширување на лиценцни или патентни материјали (студии, научни трудови, програми, софтвер итн.).
- Да не пренесуваме писма кои одат на многу адреси во синџир, реклами или каков било друг електронски материјал додека не ни биде одобрено од претпоставените.
- Да ги заштитиме информациите кои ги употребувме за влез во системот на Алкалоид како фабрички броеви, трошковни места, броеви од личните податоци, лозинки, кодови, картички за влез итн.

5. ЈАВНОСТА И ОПШТЕСТВОТО

5.1 ПРЕВЕНИРАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ПОДМИТУВАЊЕ

Вработените на Алкалоид кои работат со странките, посебно со владините институции и нивниот персонал, мора да дејствуваат во согласност со соодветните закони и регулативи и со бараните стандарди за целиот бизнис на Алкалоид.

Што се очекува од нас?

Вработените во меѓународните операции мора да знаат целосно да работат во согласност со меѓународните закони за антикорупција. Тие мора да бидат во согласност со стандардите за плаќање од страна на владите каде што работат, политичките влијанија и компаниските записи.

Вработените не смеат да дадат понуда или да платат спонзорство на политички кандидати, правни лица, политички партии и нивни претставници, владини претставници или вработени во владини институции со цел да добијат или да задржат работа или заради која било несоодветна намена. Оваа забрана вклучува претставници и вработени во владини фирми или јавни меѓународни организации како WB или WHO. Истото важи и за работи поврзани помеѓу Алкалоид и вработени во фирми или организации во приватниот сектор.

Плаќање на трето лице заради подмитување не е дозволено. Под плаќање се подразбира сè она што вклучува вредност, вклучувајќи подароци, пари, услуги и понуди за работа.

Оправдан политички придонес не е забранет со оваа политика во случај кога се бранат долгорочните интереси на Алкалоид или на фармацевтската индустријата каде што функционира Алкалоид. За дополнителни консултации по оваа и останатите точки од овој дел потребно е детално запознавање на Управниот одбор и нивна извршна одлука.

5.2 ЛИЧЕН ПОЛИТИЧКИ АНГАЖМАН

Алкалоид како компанија која има развиено операции и во други земји, освен матичната, и која работи во различни политички системи не ги спречува своите вработени да размислуваат за политиката како лично право, убедување или став, а не како официјална политика или политичка поддршка на одреден политички субјект во сите земји каде што работи. Поради заштита на интересите на Компанијата и можните реперкусии врз работата, вработените мораат своите политички убедувања да ги искажуваат, лобираат или дејствуваат исклучиво во свое лично име.

Што се очекува од нас?

- Ангажманот во политичкиот процес може да биде само во нашето слободно време и со нашите лични ресурси.
- Мораме да ги одвоиме нашите политички активности од активностите во Алкалоид. Не е дозволива злоупотреба на работното време, имотот или опремата во Алкалоид за лични политички цели.
- Употребата и на дел од времето или ресурсите на Алкалоид посветено за политички цели ќе се третира како прекршување на овој Код на однесување.
- Во секој контакт помеѓу вработените на Алкалоид и владините официјални лица мора да даваме точни информации и да избегнуваме какво било фалсификување кое може многу да наштети на нашата компанија.

- Истовремено мораме да преземеме соодветни чекори со кои ќе ги заштитиме интересите на Алкалоид во комуникацијата со владините официјални лица или агенции.
- Потребно е секогаш да побараме совет од корпоративниот менаџмент пред да дадеме одговор на некои барања на владините институции кои не се од рутински карактер.
- Да се осигураме дека сите записи кои се од јавен карактер, односно се одговор на кое било барање од владините институции се релевантни и/или каква било можна судска разврска претходно е предвидена, усогласена или договорена.
- Сите информации, печатени или електронски и нивно евентуално уништување е забрането и е за добробит на Компанијата.

5.3 АЛКАЛОИД И ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

Алкалоид е посветен и целосно одговорен што и јасно го претставува во својата политика, својата мисија и визија во однос на чувањето на животната околина, здравјето и заштитата на вработените.

Ние сме посветени во одржување на добрата практика на оптимално користење на ресурсите со што придонесуваме за зачувување на природата од загадување, што е од големо значење и со глобална важност.

Што се очекува од нас?

- Да работиме и да бидеме одговорни за социјалната и за човековата околина.
- Постојано да се унапредуваме во зачувувањето на околината.
- Да сме во сооднос со законската регулатива.
- Да ја одржуваме работната и човечката околина како составен дел на процесите, планирањето и носењето одлуки.
- Доколку сме сведоци или забележиме потенцијален ризик од каков било вид нарушување на човечката околина, веднаш да го известиме Одделот за општи работи/Одделението за обезбедување, заштита и хигиена и службата за Фармацевтско Обезбедување на Квалитет (ФОК).

- Алкалоид работи во индустрија која е строго регулирана од овој аспект. Исто така, Државата има донесено закони за заштита кои стриктно мора да се почитуваат, а ние мораме чесно да ја прикажуваме ситуацијата и да ја понесеме одговорноста.

5.4 НАДВОРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА ДО ИНВЕСТИТОРИТЕ И МЕДИУМИТЕ

Угледот на Алкалоид во јавноста е од клучно значење за нашиот успех. Во оваа ера на брза, лесна и едноставна размена на информации, важно е односите со јавноста да се одржуваат на координиран начин преку специјализирани лица подготвени да информираат соодветно. Сите пораки испратени од страна на официјално лице од Алкалоид мора да бидат јасни и во согласност со политиката, целите и потребите на Компанијата. Важно за угледот на Алкалоид и довербата на акционерите е информациите што се пласираат во јавноста да бидат точни, целосни и актуелни.

За таа цел, Алкалоид АД - Скопје постојано, транспарентно и навремено ги известува своите акционери и инвеститори за сите состојби, новонастанати ситуации и периодични финансиски достигнувања и резултати.

Што се очекува од нас?

Никогаш не смееме да дадеме информација надвор од Алкалоид за блиските или далечните планови, идното наше работење или политиката. Не смееме да даваме информации околу ценовната политика без соодветно овластување. Тоа е работа на Генералниот директор, директорите на продажби, Директорот на финансии или на назначените претставници на раководството кои можат да комуницираат информации од овој вид.

Доколку добиеме прашање од медиум или друга надворешна организација, веднаш треба да ги упатиме на Корпоративниот менаџмент одговорен за односи со јавноста. Ова се однесува на формално барање за интервју или други барања од радија, ТВ-станици, весници, магазини, локални или меѓународни трговски медиуми или интернет сајтови. Одговорните од Алкалоид за односи

со јавноста ќе одговорат во име на Алкалоид или ќе помогнат во назначувањето на соодветна личност која ќе одговори на барањето.

Доколку добиеме лична покана за настап во медиуми, заради некоја лична и приватна активност или членство во некоја организација, партија или здружение, за темата на разговор потребно е да го известиме нашиот претпоставен и преку истиот да побараме дозвола за настап од корпоративната Служба за маркетинг-комуникации.

Треба да обрнеме посебно внимание во никој случај да не се доведеме во ситуација на конфликт на интереси од типот промоција на препарат кој не е производ на Алкалоид, промоција на конкурентска организација или, пак, компромитирање на политиката на работа на Алкалоид.

5.5 БАРАЊА ЗА ФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ ИЛИ АНАЛИЗИ

Овде не спаѓаат рутински текстови во медицински списанија или специјализирани состаноци на лекари, фармацевти и други медицински лица со кои Алкалоид остварува соработка. За давање ваков вид податоци одговорен е Генералниот директор, Директорот на финансии или интерната контрола и ревизија по дозвола издадена од Генералниот директор.

5.6 КОНТРОЛА НА ИЗВОЗОТ, БОЈКОТИ (ЕМБАРГО) И ТРГОВСКИ РЕСТРИКЦИИ

Македонија како членка на светските трговски асоцијации и други организации има потпишано акти за почитување на одлуките од аспект на забрана за тргување со трети земји каде што од одредени причини истите се донесени. Направените трговски рестрикции и забрани се разгледуваат поединечно и Менаџментот на Алкалоид ја спроведува политиката на практицирање на истите соодветно и во интерес на Компанијата.

Што се очекува од нас?

- Кога започнуваме некоја работа во нова земја, нов клиент или добавувач, потребно е да провериме дали постојат какви било рестрикции кои би влијаеле на соработката или на угледот на Алкалоид.
- Мораме да провериме дали се потребни специфични барања за извоз, финансиски трансфери и дистрибуција на производи во други земји. Ова е многу значајно од аспект на трансфер на технологијата и интелектуалната сопственост. Понекогаш потребно е и отворање на Алкалоид за посета или инспекција од страна на релевантни институции или компании кои имаат заеднички интерес со Алкалоид.
- Во меѓународната трговија потребно е да внимаваме на работењето согласно со контролата на извозот и на трговските рестрикции, доколку постојат.
- Пред склучување на секој договор за извоз во друга земја на нашите производи, сите договори направени за таа цел потребно е да ги усогласиме со Правната служба на Алкалоид.
- Мораме да се осигураме дека сите увози или извози со секоја земја каде што работиме се во согласност со царинските и даночните авторитети и дека сите информации се точни и вистинити.

6. ЛИЧНА ПОСВЕТЕНОСТ

Овој Код на однесување ги дава основите на добрата практика и вредностите на нашата компанија. Потребно е да посветиме доволно време во читањето на овие политики и да разговараме за нив со нашите директно претпоставени, одговорниот за човечките ресурси или врвниот менаџмент.

Потребно е да ги разбереме принципите запишани во овој Код и да ги употребуваме како водич за нашето однесување. Исто така, оваа брошура

треба да послужи како водич во градењето на довербата и почитувањето на интересите на Алкалоид и на нашите клиенти и соработници.

На крај, угледот на Алкалоид зависи од нашиот личен интегритет, чувството на добра процена и од нашата посветеност на Компанијата.

ЛИСТА НА НАЈВАЖНИТЕ КОРПОРАТИВНИ ПОЛИТИКИ И ПРОЦЕДУРИ:

Следниве политики и процедури се одобрени од менаџментот на Алкалоид и се во согласност со имплементираните стандарди. Истите важат секаде каде Алкалоид има развиено свои операции.

1. Код на етичко и бизнис однесување
- нашите клиенти и пазарите на нашето работење
- нашите вработени, соработници и околината
- нашите акционери и сопственоста
- јавноста и општеството
- лична посветеност
2. Политика за квалитет
3. Деловник за квалитет и животна средина
4. Еколошки мастер план
5. Процедура за преиспитување на системот за квалитет од страна на раководството
6. Процедура за пишување на процедури
7. Процедура за контрола на документи
8. Процедура за контрола на записи
9. Процедура за реализација на производ
10. Процедура за интерна проверка
11. Процедура за корективни и превентивни мерки
12. Процедура за регрутација и селекција на кадар при вработување
13. Процедура за обука
14. Процедура за управување и заштита на податоци и информации
15. Процедура за бизнис планирање и известување
16. Процедура за продажби и маркетинг
17. Процедура за снабдување
18. Процедура за производство
19. Процедура за оценка на испорачатели
20. Процедура за управување со ризик
21. Процедура за рекламации, враќање и повлекување готови производи од пазар

22. Процедура за контрола на промени
23. Процедура за комуникација
24. Процедура за идентификација и контрола на еколошки аспекти

Забелешка:

Овој водич на вработените е достапен и на интернет страната на Алкалоид: http://www.Alkaloid.com.mk

Интернет верзијата ќе ги содржи сите евентуални промени на овој водич направени после издавањето на печатената верзија.

и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ



КОД
на ЕТИЧКО и БИЗНИС ОДНЕСУВАЊЕ



АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

www.alkaloid.com.mk